Милева ЃУРОВСКА

**УДК: 316.472.4**

# УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНИОТ КАПИТАЛ ВО ГЛОБАЛНОТО ОПШТЕСТВО

***Кратка содржина***

*Темата за социјалниот капитал денес сè повеќе го предизвикува вниманието на социолозите. Многу аналитичари на современите општества го користат концептптот на социјалниот капитал за да ги објаснат промените во современите општества. Во овој труд ќе бидат разработени: генезата на овој поим, теориските определби и областие во кои социјалниот капитал дејствува во својот функционален аспект. Посебно значење е дадено на функционирањето на социјалниот капитал во областа на вработувањата бидејќи тука е најманифестно дејствувањето на социјалниот капитал, но и поради фактот што во оваа област се извршени најголем број истражувања. Позначајните концепции на кои се прави осврт во овој труд се: концептот на Роберт Патнам (Robert Putnam) и неговата популарна статија Bowling alone; Џејмс Колман (James Coleman) кој прв го употреби терминот социјален капитал; Марк Грановетер (Mark Granoweter) кој ја разви тезата за социјалните мрежи, Пјер Бурдие кој за првпат го поврза терминот капитал со одредени социјални творби како што е културниот капитал.*

***Клучни зборови**: СОЦИЈАЛЕН КАПИТАЛ, ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ПРОМЕНА, ФЛЕКСИБИЛНОСТ, ВРАБОТУВАЊЕ.*

## Определба на поимот социјален капитал

Употребата на терминот социјален капитал во општествените науки има скорешен датум, иако многу мислители претходно упатувале на неговото постоење. Така уште Томас Хобс во Левијатан истакнал: *ако имате пријатели - имате и моќ.* Како што веќе истакнавме, во современите анализи за првпат овој термин бил употребен од Џејмс Колман. Тој не навлегол во неговото теориско разгледување, туку опишал неколку примери од општествената практика. Иако поаѓа од сфаќањето дека економското однесување на поединците не може целосно да биде објаснето

преку економските термини (размената, распределбата, реципроцитетот), сепак во неговото сфаќање за социјалниот капитал се чувствува влијанието на неолибералната економска теорија. Според него, социјален капитал претставува определен ресурс кој го употребуваат актерите (поединци, претпријатија) со кој полесно се извршуваат економските активности.

Наспроти термините физички капитал или човечки капитал, терминот социјален капитал се доведува во врска со социјалната организација т.е. со социјалните мрежи, законите и правилата кои ја регулираат колективната акција. Социјалниот капитал се однесува на оние ресурси што произлегуваат од контактите што еден поединец ги има со другите поединци. Тоа може да се однесува на добивање на некоја информација, стекнување на познанства, давање на одредена услуга, да се даде помош во секојдневното живеење, да се добие совет или препорака.

Иако терминот социјален капитал не произлегува директно од економската терминологија тој ѝ е многу близок, бидејќи имплицира калкулација, рационалност и профитабилност, односно капиталот е капитал и тогаш кога тој претставува социјален капитал. Како и сите други видови на капитал социјалниот капитал има продуктивна вредност. За разлика од физичкиот капитал или од човечкиот капитал, социјалниот капитал не бара систематски инвестиции и тој не може да се купи на берзите. Овој вид на капитал се стекнува, меѓутоа не е можно да се присвои како сопственост, ниту може да се наследува (генетски). Него не го поседуваат ниту самите актери кои ја градат мрежата на односи кои функционираат како социјален капитал. Тој има ограничен домен каде може да биде ставен во функција т.е. во една ситуација може да биде многу функционален, а во друга да дава обратни ефекти.

Во заедниците во кои постои акумулација од социјален капитал животот е полесен, констатирал Р. Патнам. Социјалниот капитал ги олеснува трансакциите на пазарот. За појасно тоа да се претстави ќе го наведеме примерот со пазарот на дијаманти што го дава Џ. Колман. Пазарот на дијаманти во Њујорк го држи една, речиси целосно, затворена група. Тоа се Израелци кои живеат во цврсти семејни врски лоцирани во Бруклин. Одат во иста синагога и во секојдневниот живот, како и во бизнисот, целосно се упатени едни на други. Основен прицип врз кој се базира оваа заедница е довербата меѓу членовите. Доколку еден од членовите излаже некој друг (на пример не го врати заемот) тогаш тој се исклучува од групата, се исклучува од семејните врски, од учеството во семејните обреди и религиозните ритуали.

Вработувањето и градењето на професионална кариера претставуваат подрачја каде најмногу е проучувано значењето на социјалниот капитал. Постојат многубројни истражувања кои покажуваат дека нев-

работените лица кои припаѓаат на определени социјални мрежи (групи) кои добро се интегрирани на пазарот на трудот наоѓаат побрзо и подобро вработување од лицата кои не партиципираат во вакви мрежи.

Социјалниот капитал овозможува пристап до другите видови на капитал, односно до финансискиот и културниот капитал. Во случајот со финансискиот капитал не се потребни поголеми објаснувања за тоа што тој претставува, што не е случај со културниот капитал. При објаснувањето на културниот капитал многу често се поаѓа од определбата на Пјер Бурдие. Според него културниот капитал го сочинуваат знаењата и други култивирани начини на однесување на поединецот кои можат да бидат искористени во одреден домен. Културата, слично како и социјалните односи, функционираат како капитал само во тој случај кога постои можност да бидат конвертирани во друг вид на капитал. Социјалниот, финансискиот и културниот капитал вообичаено одат заедно. За да се искористи еден од нив неопходно е да се стават во функција и другите. Но сепак, можно е инвестирањето во еден од нив да даде позитивни ефекти и во другите видови на капитал.

Според Пјер Бурдие социјалниот капитал претставува мрежа на односи која е на располагање на определена група која поединците можат да ја користат со оглед на нивниот капацитет. Употребата на социјалниот капитал зависи од социјализација (хабитусот) на поединците преку која учат како тој може да се создава и како се става во функција на остварување на сопствени цели (P. Bourdieu, 2006). Расправајќи за разликата меѓу социјалниот и човечкиот капитал Бурдје истакнува дека социјалниот капитал претставува еден квалитет што се креира по повод градењето на одредени односи меѓу актерите, додека човечкиот капитал се однесува на индивидуалните капацитети. Всушност, човечкиот капитал претставува вкупност од знаењата (дипломите), вештините (сертификатите) и усвоените практики (работно искуство) кој ги поседува една работоспособна личност. На пазарот на трудот подобро минуваат лицата кои поседуваат поголем човечки капитал. За стекнување на човечкиот капитал главно се грижат самите поединци кои покажуваат голема подготвеност за стекнување на нови вештини и знаења. Меѓу човечкиот капитал и социјалниот капитал постои тесна поврзаност. Лицата кои поседуваат социјален капитал имаат поголеми можности полесно и поефикасно да го изградат и човечкиот капитал и обратно.

Вредноста на социјалниот капитал не се мери според обемот на врските или контактите во мрежите бидејќи сите тие немаат иста вредност. Некои врски се ефикасни, а некои не. Врски од прв степен кои можат да бидат употребени како ефективен социјален капитал се семејните врски, колегите и пријателите. Секундарните врски главно се користат за добивање на информации, но не се ефективни во реализацијата

на определен проект. Такви се односите меѓу соседите и познаниците кои ретко ги среќаваме.

### Извори на социјалниот капитал

Социјалниот капитал е во тесна врска со карактеристиките на општественото окружување. Досега во литературата се препознаваат два теориски пристапи со кои се поврзува употребата на социјалниот капитал. Тоа се: културалистичкиот и интерактивниот концепт.

Во **културалистичките концепции** социјалниот капитал се дефинира како способност за соработување. Одредени култури кај своите членови развиваат карактеристики на кооперација и доверба, а други култури развиваат претпазливост, сомневање во секого, недоверба или завидливост. Така на пример, во земјите околу Средоземното море постои традиција која Анри Мандрас ја опишува како *аморален фамилизам* за кој е карактеристичен непријателски однос и висок степен на недоверба. Постои кохезија во рамките на примарната група, но секое друго семејство е видено како непријателско. Децата се воспитуваат како да се заштитуваат од непријателите. По склучувањето на бракот и блиските роднини се доживуваат како непријатели (Мандрас). Тука социјалниот капитал има ниска вредност. Во оваа концепција се потценети ефектите кои произлегуваат од индивидуалната интеракција.

**Интерактивната концепција** (релациска) ја застапувал Колман и според него социјалниот капитал го чинат ресурсите кои еден поединец ги црпи од една мрежа на кооперативни односи на која тој припаѓа. Овие односи се дефинирани и затворени. Нивното одржување е континуирано и не зависи од времето. Тука постои и меѓусебно признавање на актерите, односно одржување на интеракцијата која не мора секогаш да биде инструментална. Социјалниот капитал претставува ресурс кој се става во служба на еден поединец кој ја активира мрежата на кооперативни односи.

Според аналитичарите во структурата на социјалниот капитал можат да се одвојат два типа на односи кои формираат два типа на социјален капитал:

- Социјален капитал каде доминираат односите на ***солидарност*** (доверба) каде се забележуваат силни и интензивни врски меѓу поединците кои влегуваат во групата,
- Социјален капитал каде доминираат односите на ***реципроцитет*** и каде врските се слаби и претежно инструментални (Alessandro Pizzorno, 52).

Во пристапот кон социјалниот капитал на Р. Патнам главен конситуенс на социјалните односи претставуваат односите на солидарност. Според него, да се припаѓа на една социјална мрежа, односно асоцијација значи да се дава и да се прима поддршка. Социјалниот капитал претставува средина во која се комуницира, во која постои солидарност и стабилност на односите. Има дилеми околу прашањето за карактерот на односите кога се членува во гломазни асоцијации како што се на пример: асоцијацијата на пензионерите, асоцијациите на жените или други професионални асоцијации во стекнување на социјален капитал. Во суштина, современиот начин на живеење луѓето ги поврзува на формален начин без можност реално да се учествува во комуникацијата на групата. Социјалниот капитал треба да му овозможи на поединецот реална припадност кон определена заедница.

Социјалниот капитал се гради на најразлични начини. Во некои случаи тој се гради врз очекувањата и обврските што ги имаат поединците, едните наспроти другите. Во тој случај во социјалните мрежи доминираат односите на реципроцитет. На пример ако личноста А му заврши некоја услуга на Б, тогаш Б е обврзник на А. Социјалниот капитал на личноста А го чинат сите оние кои на некаков начин се должници, бидејќи ќе дојде времето кога и на А ќе и требаат одредени услуги. Така кога личноста Б ќе реагира помагајќи му на А не е тоа само заради заедничкото минато, или некоја акција на ефикасност во сегашноста, туку тоа е калкулацијата т.е. враќањето на долгот. Меѓутоа и покрај рационалните инвестиции на поединците во социјалниот капитал, сепак не треба да се изведе заклучок дека личностите се единствено рачунџии кои во дружењата прецизно ги пресметаат давањата и земањата.

Според едно истражување реализирано во Р. Македонија[1] дојдено е до заклучок дека работните организации, без оглед дали се работи за едно училиште, факултет или претпријатие, претставуваат збир од повеќе групи. Членовите на овие групи се поврзани на неформален начин и имаат висок степен на идентификација со групата. Односите се главно инструментални, иако меѓу членовите се воспоставуваат блиски релации. Не се ретки примерите кога службеникот за кум го избира својот раководител. На тој начин се врши приватизација на професионалните односи, но и инструментализација на пријателските односи. Овие групи дејствуваат како социјални мрежи низ кои циркулираат значајни информации и се употребуваат како капитал при напредувањето во кариерата.

[1] Во 2002 година во Македонија и Бугарија беа реализирани анкети според индикаторите на Хофстеде и Тромпенарс-Хемпден-Тарнер. Истражувањето беше во контекстот на проектот Иновативна социологија во кој како партнери чествуваа Филозфскиот Факултет од Скопје и Филозофскиот факултет од Софија.

Во македонскиот културен амбиент доминираат односите на реципроцитет. Податоците од истото истражување покажуваат дека постои низок степен на доверба меѓу поединците. Според Тања Чавдорова меѓусебната недоверба го зајакнува неформалниот карактер на меѓучовечките односи и води кон нивна инструментализација. Имајќи ги предвид овие резултати и нашите рефлексии во врска со ова општество може да констатираме дека неефективноста на институциите, зголемената несигурност во опкружувањето, исчезнувањето на традиционалните социјални форми и неповолните економски тенденции, влијаат врз формирањето на социјални мрежи кои дејствуваат како социјален капитал кој лесно се трансформира во финансиски и културен капитал.

**Формите на социјалниот капитал**

Една од формите на социјалниот капитал ја препознаваме во семејните односи. Односите на солидарност кои се развиваат во семејството многу често функционираат како социјален капитал кој е во тесна врска со економските ресурси во семејството. Кога економските ресурси се ограничени, тогаш значително повеќе се употребува социјалниот капитал. На пример, кога семејниот буџет е мал и не можат да се купат определени услуги (пазење на деца, готвење и други домаќински работи) тогаш се мобилизираат членовите на семејството или се користат луѓето во опкружувањето со кои се одржува една мрежа на односи.

Соседството, исто така, може да функционира како социјален капитал. Мрежата од социјални односи кои се градат меѓу соседите е од хоризонтален карактер т.е. низ таа мрежа циркулираат информации, но е многу потешко оваа мрежа да се активира во остварувањето на определена цел. Од друга страна, податоците од истражувањата покажуваат дека е сè помал бројот на контактите меѓу соседите, а професијата има сè поголемо значење во поврзувањето на луѓето и по работното време. Професионалното активирање на жените значително го зголемува нивното членувањето во различни асоцијации. Долго време низ историјата жените не биле во ситуација да создадат сопствен социјален капитал т.е. било незначително вклучувањето на жените во различни здруженија. За време на училишниот живот жените биле слабо активни во училишните секции и во училишните манифестации. Оваа ситуација се објаснува со преокупираноста на жените со работата и насоченост кон перфектно извршување на задачите. На прашањето дали жените кон работата пристапуваат на различен начин од мажите, аналитичарите одговараат потврдно. Жените главно се ориентирани кон извршување на задачите, а помало внимание посветуваат на меѓучовечките односи. Тоа е една од причините

поради која жените и кога извршуваат одредена професија не се ориентирани кон инвестирање и практикување на социјалниот капитал. Жените повеќе инвестираат во човечкиот капитал т.е. градење на личниот капацитет (Ѓуровска, 2008). Според Патнам денес се забележува значително намален граѓански ангажман и на мажите. Се разбира, тоа не се должи на фактот што тие се премногу ангажирани со домаќинските работи. Податоците покажуваат дека мажите имаат мали задолженија во домот и семејството. Исто така, тенденцијата да се живее во вонбрачни заедници, да не се склучува брак и да се нема деца, се одразува врз намалувањето на бројот на членовите во различни асоцијации.

Во доменот на образованието истражувачите препознаваат една форма на социјален капитал којшто се огледа во вклученоста на родителите во различни училишни мрежи. Станува збор за мрежи каде постојат интензивни контакти меѓу родителите и децата од една страна, а од друга страна меѓу родителите, децата и наставниците. Зачестеното учеството на семејствата во училишните активности влијаат позитивно врз успехот на учениците. Конструирањето на социјални мрежи по повод училиштето влијаат врз позитивните перцепции на учениците кон образованието, а пред сè, на нивната социјална интеграција во окружувањето. Училиштето се јавува и како фактор на социјална интеграција на доселениците кои остваруваат социјални контакти во опкружувањето вклучувајќи се во различни училишни активности.

Според определени мислења институциите, исто така, можат да претставуваат социјален капитал иако меѓу нив не може да се постави знак на равенство. Меѓутоа, институциите сами по себе не претставуваат социјален капитал. Социјалниот капитал не е атрибут на колективите, ниту пак атрибут на самите поединци. Социјален капитал претставува густината на односите и реципроцитетот меѓу колективитетите (групите) или поединците (Favre, B., Jaeggi, J.M., 2006). Институциите функционираат како социјален капитал само тогаш кога се реално отворени за поединците решавајќи ги ефикасно проблемите со нивната општествена интеграција.

Потребата од контакти меѓу луѓето се намалува со масовната употреба на компјутерите и телевизорите. Веќе не станува збор за еден семен телевизор пред кого е собрано целото семејство каде е претпоставена комуникацијата, туку за телевизори ставени на располагање на секој член на семејството. Ваквата ситуација води кон изолација и кон драстично намалување на контактите меѓу членовите на едно семејство. Масовната употреба на визуелните медиуми значајно го намалува социјалниот капитал. Според М. Кастелс (Кастелс, 2006) публиката станува сè помрзлива. По долгиот и напорен работен ден луѓето се враќаат дома исцрпени и без желба за комуникација.

Кога се расправа за социјалниот капитал мошне значајно прашање претставува начинот на кој државата реагира во однс на формирањето на социјалниот капитал. Некои мерки што ги презема државата можат да го дефаворизира создавањето на социјален капитал (даночни мерки), а некои мерки да го поттикнат неговото создавање (фондови за поддршка, проекти).

## Граѓанското општество како социјален капитал

Во последните 15 години посебно е нагласувана улогата што ја игра граѓанското општество во остварувањето и консолидацијата на демократските системи. Ефикасното функционирање на институциите е поврзано со карактерот на граѓанското општество. При решавањето на општествените проблеми од различни домени (здравство, различни зависности, образование, криминалитет) се постигнува поголема ефикасност доколку постои едно добро организирано и активно граѓанско општество. Исто така, многу полесно се постигнува економски успех, се наоѓа вработување или се гради кариера доколку поединците се зачленети во различни здруженија кои можат да функционираат како социјален капитал.

За големото општествено значење на здружувањето зборуваат анализите направени од страна на Роберт Патнам. Тој бил инспириран од делото на Алексис де Токвил *Демократијата во Америка* во кое авторот бил воодушевен од традицијата на здружување која ја практикувале Американците. Според Токвил дејствувањето на многубројните граѓански асоцијации претставувале клучен фактор за развојот на демократијата. Во однос на тоа тој истакнал: *Американаците, без оглед на возраста, условите и разликите во духот, се здружуваат непрестајно. Тие немаат само трговски и индустриски асоцијации во кои сите учествуваат, туку имаат и илјадници други од различен вид: религиозни, морални, сериозни и безначајни, многу општи и многу посебни, широки и многу мали.. според мене, не заслужува ништо поголемо внимание од интелектуалните и моралните асоцијации во Америка (Р. Патнам).*

Здружувањето е поддржувано и од страна на институциите во чие функционирање интервенираат граѓанските асоцијации. Така, реализацијата на изборите и изборните постапки, работата на локалната самоуправа, обезбедувањето на слобода на печатот, активностите на народниот правобранител и сл. се отворени за мислењата на граѓаните. Во рамките на ова општество изградени се канали преку кои луѓето се приближуваат меѓусебе, создавајќи услови за споделување на секојдневните проблеми. Слободата на здружување им овозможува на поединците

да се запознаат подобро еден со друг, да ги дефинираат заедничките цели и подобро да ги спознаат лицата кои ќе ги застапуваат нивните интереси во државните тела. Асоцијациите се заедници на еднакви лица каде се обезбедува минимална гаранција против тиранијата на мнозинството.

Во едно истражување во кое се проучувала ефикасноста на општините се дошло до сознание дека кога постои посилен ангажман на граѓаните и поголема вклученост во социјалниот живот (следење на локални медиуми, учество во некој хор, спортски клуб или оркестар) општината имала и поголем економски развој. Овие мрежи на реципроцитет и на граѓанска солидарност што се среќавале во развиените општини не се должеле на социоекономската модернизација, туку спротивно. Тие претставувале значен инпут во развојот на општината.

Американското општество до скоро претставуваше модел на општество кој треба да се следи во поглед на модернизацијата и во поглед на функционирањето на граѓанското општество. Меѓутоа, според Патнам денес во Америка значајно е опаднат директниот ангажман на граѓаните во општеството. Ангажманот на граѓаните се намалил во:

- Изборите. Станува збор за индикатор кој го покажува нивото на демократичност во едно општество. Во САД во 1990 г. бројот на лицата кои гласале бил за 25% помал споредено со 1960 г. Значително е низок бројот на лицата кои имаат доверба во владата во Вашингтон. Во 1992, 75% од испитаниците одговориле дека речиси никогаш немаат доверба во владата.
- Состаноците поврзани со работата на училиштето или со управувањето на градот (учество во школски комисии, локални комисии, политички партии). Партиципацијата на состаноци од ваков вид во САД во 1973 г. изнесувала 23%, а во 1993 13%. Луѓето помалку се интересираат за случувањата во нивната сопствена општина. Во Америка постои долга традиција на функционирање на асоцијации поврзани со училиштето (асоцијација на родители и наставници). Бројот на членовите во училишните асоцијации се намалил неколкукратно.
- Партиципација во одредени религиозни групи. За овие групи Американците биле особено приврзани. Тоа се должи на бројноста на различните религии кои таму се практикуваат. Зато се смета дека САД претставува еден парк на цркви каде има најмногу култни места по глава на жител. Партиципацијата во овие религиозни групи не е намалена.
- Членување кон одредена синдикална организација. Пред четири декади состаноците во синдикалните подружници се сметале за

привилегирано место. Денес бројот на синдикално организираните работници опаднал за половина (15,8%) во однос на 1960 г. (32,5%).

- Членување во различни доброволни здруженија (здруженија на жени, Црвен крст, планинарски друштва) и клубови на пријателство (Лион клубот, Масони, Ротари). Бројот на членовите во вакви асоцијации исто така значајно опаднал.
- Професионални здруженија. Бројот на овие здруженија се зголемува.

Според анализите на Патнам, наспроти опаѓачкото активно членство кон одредени асоцијации, се зголемува бројот на лицата кои се окупирани со забавни игри. На пример, куглањето (bowling) е игра која може да се игра во екипи, но и поединечно. Денес се практикува поединечното играње, а тоа значи дека се избегнуваат дружењата и вклучувањето кон одредени групи. Не може да се каже дека за Американците е позначајно да куглаат, отколку да одат да гласаат или да одат во црква, но со сигурност може да се констатира исчезнувањето на една значајна форма на социјален капитал.

Во постсоцијалистичките земји интелектуалците и борците за демократија биле загрижени од непостоењето традиција на ангажирање (активирање) на граѓаните во организирањето на општеството. Иако веќе цели две децении во овие општества се вградуваат принципите на демократијата, граѓаните сè уште се пасивни консументи на одлуките на владите. Истражувањата во Р. Македонија ја потврдуваат таквата констатација. За 65% од испитаниците во една анкета, државата треба да биде иницијатор на економските активности, односно да креира работни места и да се грижи за животниот стандард на популацијата.

### Ставот на Макс Вебер кон асоцијациите

Макс Вебер бил инспириран од делото на Токвил, но и од сопственото искуство кое го стекнал престојувајќи во Америка во 1904 година. Поради неговиот интерес да ги проучува религиите, посебно се занимавал со религиозните заедници во американското општество. Според него во Америка е мал бројот на луѓе кои не припаѓаат на ниедна конфесионална заедница, иако таксите кои биле плаќани за членувањето биле многу повисоки од оние во Германија. По повод овој феномен тој истакнал: *Меѓу другото, лично сум запознаен, дека во еден град во близината на езерото Ерие, една парохија речиси целосно составена од месари-имигранти од Германија, плаќаат годишна такса приближно од*

*80 долари за потребите на црквата, а понекогаш во просек и 1.000 долари. Секој знае дека вакви такси во Германија и кога тие би биле далеку помали од овие, би имале за последица масовно исклучување на верниците од црквите* (Michel Lallement, Capital Social et theories sociologiques).

Американските авторитети не водат грижа за религиозната припадност на своите граѓани, спротивно на тоа, религијата е секогаш прашање на секојдневното живеење. Граѓаните се мотивирани да припаѓаат на одредена морална заедници бидејќи таквите организации им обезбедуваат официјална гаранција за нивната морална чистота. Религиозните организации стануваат канали преку кои се остварува социјалната интеграција на поединците, а поединците кои оствариле економски успех преку нив стекнуваат одреден легитимитет и социјална промоција. Овие мотиви појасно се видливи во ситуациите кога поединецот се отстранува од религиозната заедница, најчесто поради нарушениот морал. Исклучените поединци доживуваат и социјална деградација.

Изворот на мотивите за здружување во религиозните организации според Вебер се наоѓал во американската традиција да се членува во различни здруженија, како на пример членувањето на студентите во студентски клубови, менаџерите во различни професионални клубови и сл. Процесите на секуларизација кои биле неминовни во модерните општества ја пренасочиле традицијата на религиозно поврзување кон други области каде поединци воспоставувале потрајни врски (професии, училишта, општини). Меѓутоа, традицијата на поврзување на американското општество сепак води потекло од религиозните практики чие ослабување се должи на процесите на секуларизација.

Според Вебер постојат три основни принципи според кои здруженијата се организираат: **доброволност**-за да се влезе во едно здружение треба да се биде квалификуван; **суверенитет**-единствено заедницата може да одлучи за квалификациите на еден од своите членови, благодарение на сознанијата кои постојат во мрежата; **морална дисциплина** за која одлучува целата заедница.

Вебер помалку се интересирал за содржините на различните религии. Многу поголемо внимание посветил на проучувањето на влијанијата на религиите врз економското однесување на поединците. Постои поврзаност меѓу религиозната припадност и економскиот развој, но не секогаш една организациска конструкција остварува економска динамика. Таков е случајот со корупцијата која поврзува еден круг луѓе со слично занимање со цел да се ограничи конкуренцијата меѓу нив. Корупцијата иако води кон одреден економски успех таа не води кон збогатување на социјалниот капитал, спротивно на тоа таа ги ослабува корпорациите.

### Социјалниот капитал и глобализацијата

По Втората светска војна беше забележен брз економски раст во сите индустриски земји во светот. Тој раст беше следен со висок степен на социјална интеграција и висок степен на социјална сигурност на населението. Доминацијата на индустриското производство, односно **фордизмот**, кој се карактеризираше со масовно стандардизирано производство за голем пазар (огромен број на потрошувачи) создаде услови за масовно вработување на полуквалификувана работна сила. Од тие причини аналитичарите овој период го нарекуваат golden age, trentes glorieuses, општество базирано врз трудот (work based society), или општество со целосна вработеност на популацијата (U. Beck 2002). Според Улрих Бек во оваа фаза која тој ја нарекува фазата на *првата модерност*, општество стекнало целосен легитимитет. Тоа е период кој се карактеризира со колективен живот во рамките на една нација, полна вработеност, развиена држава на социјална грижа, висок животен стандард, но и целосна експлоатација на природата и природните ресурси.

Во оваа анализа нема да се навлегува во детали за природата на глобализацијата. Всушност глобализацијата претставува концепт преку кој се настојува да се осмислат големите промени коишто се случуваат во современиот свет. Во некои анализи на глобализацијата доминира една оптимистичката визија во која светот е претставен како едно *глобално село,* свет кој се доближува пренесувајќи ги основните принципи на развојот насекаде во светот. Но многубројни се анализите на глобализацијата каде доминира песимистичката визија во која се претставува еден свет кој осиромашува, свет на доминација и експлоатација од страна на развиените земји, свет на големи социјални разлики, свет кој води кон експлозија на социјалните проблеми. Меѓутоа, за да се одговори на прашањето која од овие две визии е пореална ќе го истакнеме сфаќањето на У. Бек, според кого: *Секој оној кој денес го дијагностицира колапсот, без да ги прифати новите нешта е слеп. Но и секој оној што зборува за новите достигнувања без да го препознае колапсот е наивен (*Beck, 2002: 17). Се чини дека оптимистичките визии главно се присутни кај аналитичарите кои ја застапуваат **неолибералната** доктрина. Оваа доктрина аргументите ги наоѓа во големата профитабилност на капиталот кога тој слободно се движи низ единствениот светски простор. Еден од најцитираните приврзаници на оптимистичката варијанта на глобализацијата е Кеничи Охмае кој им препорача на владите: *Отворете ги вашите економии кон светскиот пазар и тоа многу брзо ќе ве доближи до развиените земји.* Приврзаниците на **доктрината за социјална регулација** во своите анализи ги истакнуваат натрупаните социјални проблеми т.е. порастот на невработеноста, намалувањето на платите, зголемената

социјална несигурност и сл. Во овој контекст францускиот економистот Роже Гадреј, истакнува: *Кој има интерес да ја развие идејата за добрата, и единствено за добрата страна на новата економија*? Одговорот е: *Тоа се менаџерите и оние кои работат во службите на капиталот, но кои не ги засега сите останати во општеството* (Gadray, 2000 :37).[2] Американскиот економист Р. Солов дополнува: *САД заговараат слободен пазар за подобро да ги пласираат своите производи, но тие не покажуваат голем интерес за купување на производи од другите земји* (Beck, 2002: 19).

### Карактеристиките на глобалното општество

Некои аналитичари веќе зборуваат за постоење на едно глобално општество во кое се распознаваат односи на меѓузависност, поделби и структури. Интензивните и регуларните врски што се воспоставуваат меѓу поединците, институциите, претпријатијата и други организации креираат односи на меѓузависност, процеси што до неодамна беа карактеристични за една национална држава. Во глобалното општество постојат односи на подреденост и надреденост, глобална дистрибуција на моќ, меѓународна поделба на улогите и на влијателно дејствување на многу меѓународни институции и меѓународни организации. Меѓутоа, на планот на теориските разгледувања на овие процеси сè уште доминираат компарациите меѓу нациите кои создаваат статистички поредок на општествата. Овие анализи општествата ги редуцираат на нивните мерливи величини, но не ги објаснуваат (P. Martin).

Социјалната регулација[3] претставува еден од позначајните домени на современото глобално општество. Во анализата на овој феномен често се прави споредба меѓу САД и Европа. САД се пример за општество кое се базира врз дејствувањето на слободниот пазар. Либералната доктрина која ги осмислува ваквите видови на општества успешно го решава и прашањето за односот меѓу општествените слоеви (класи). Во овие општества ризикот од отворен судир е многу помал бидејќи проблемот на социјалниот неуспех се сведува на ниво на човечкиот капитал т.е. се поврзува со способностите и залагањата на поединците. Во европските општества класниот судир имал големо значење врз историските случувања наметнувајќи се и денес како латентен проблем. Оттаму во доменот на социјалната регулација на европското општество се тежнее

---

[2] Gadray Nouvelle economie, nouveau myth, 22.

[3] Под социјална регулација се подразбира еден систем од закони и други мерки со кои државата интервенира во доменот на економијата

кон остварување на социјална правда (Arnaldo Bagnaso, 2006). Европа развива посебен социјален модел кој им дава шанса и на поединците од подолните слоеви да се образуваат, да користат здравствени услуги и да уживаат други социјални бенефиции. Развиената социјална политика и социјална заштита претставуваат посебен вид на социјален капитал кои определени поединци можат да го користат.

## Глобализацијата и промените во економијата: од стабилност кон флексибилност

По 70-тите години на XX век се случија големи промени во општествата. Според вокабуларот на Улрих Бек тоа се општествата на *втората модерност* за кои е карактеристична: интернационализацијата на економијата, брз продор на информатичките технологии и доминацијата на производство од нематеријален карактер. На планот на производството се разви принципот на флексибилност, односно прилагодливост на организациите кон брзите промени. Флексибилната организација го означи крајот на стандардизираната потрошувачка и крајот на ригидната поделба на трудот. Така, принципите на новата организација се дефинираат според два основни приницпа, а тоа се: флексибилност и мрежа.

Во доменот на социјалната организација филозофијата на стабилност и сигурност се замени со филозофијата на флексибилност. Единствено нешто се определува како стабилно е промената. Старите социјални форми со јасно дефинирани и стабилни улогите на актерите (синдикатот, државата, работодавачите) отстапија место на новите социјални форми. Веќе не станува збор за инертни институции кои автоматски ги репродуцираат односите, туку за активни социјални мрежи создадени од потребите на актерите. Основна функција на овие мрежи е обезбедувањето на минимум сигурност во променливите услови на пазарот. И самите претпријатија почнаа да се поврзуваат во определени мрежи, на локално и глобално рамниште. На локално рамниште бројни се примерите на поврзување на малите претпријатија во една општина. Во пресрет на глобалната конкуренција локалните претпријатија формираат мрежи низ кои циркулираат информации и се разменуваат различни услуги врз база на солидарност.

Флексибилниот систем на производство се карактризира со централизираната контрола, производство во мали серии, постојано трагање и дефинирање на новите вкусови на потрошувачите, промени во примената на технологиите, постојана потрага по нови информации и флуидни мрежи кои се менуваат во просторот и времето. Се чини дека на овој систем на производство одговара соодветен тип на личност.

Стабилноста на занимањето денес е заменета со флексибилност. И тогаш кога се извршува долго време едно занимање, што не е секогаш случај бидејќи многу поединци често ги менуваат занимањата во текот на својот работен век, поединецот е изложен на перманентни обуки, доквалификации, реквалифакции... Флексибилноста станува дел од структурата на личноста. Од поединците денес се бара подготвеност за адаптибилност. Честите промени на работните места како и промените во самиот работен процес развива кај поединците чувството на мобилност, што воопшто не е во согласност со класичните определби на карактерот каде се истакнува значењето на стабилните елементи.

Овие особини на личноста се спротивни од оние кои беа посакувани во стариот систем на масовно прозводство каде се очекуваше трпеливост и пасивност од работниците. Во врска со флексибилната личност се поставува прашањата дали овие нови црти на личноста го збогатуваат карактерот на личноста. Флексибилизацијата бара од поединците да развијат способности да се живее во сегашноста, да се стекне кондиција (физичка и ментална) да се се зајакне довербата во самиот себе за да се прифати фрагментацијата во општеството. Непходно е луѓето да имаат капацитет за адаптација на ситуации кои постојано се менуваат, со оглед на прописите, на содржините на работата, организациските реформи, употребата на технологиите и сл. Флексибилниот карактер вклучува во себе: капацитет да се консумира несигурноста на работните места, капацитет да се поднесуваат работните услови (интензификацијата на работата и намалувањето на платите) и да се прифати јазот (поларизацијата) меѓу оние кои се губитници на пазарот на трудот и малубројните кои се успешни во својот професионален пат.

Во врска со флексибилноста се поставува прашањето за начинот на кој се гради кариерата во услови на несигурност, постојана адаптабилност и зголемен ризик. Во многу случаи професионалните патешествија не се сигурни и без ориентација, приликите на поединците се случајни, а социјалните врски не траат долго. Денес трудот претставува централна преокупација со која се поврзува перцепцијата за себе. Во многу случаи по повод работата се распарчуваат семејствата, се прекинува комуникацијата.

Психологот Сенет (Sennett) размислувајќи за карактерот на личноста во современи услови истакнува дека се случува ерозија на карактерот. Сенет го поставува прашањето дали во услови на континуирана несигурност личноста може да го одржи својот интегритет т.е. да дејствува во склад со својата внатрешна тенденција или ќе тежнее кон инструментализација на односите и кон моментална сатисфакација? Според Сенет растечката флексибилност и доминација на релации на кус рок кои се карактерстични за новиот мрежен капитализам предизвикуваат ерозија

на карактерот. Во суштина, поголема ерозија настанува во начинот на кој луѓето се поврзуваат. Поврзувањето на луѓето денес не се мотивирани од социјални мотиви. Доминираат економските мотиви, а меѓучовечките односи се инструментални односи преку кои се остваруваат определени цели. Заклучувајќи во врска со новиот карактер на личноста Сенет констатира: *Еден политички систем кој не побудува желба кај луѓето да се интересираат едни за други ја губи својата легитимност.*

## Улогата на социјалниот капитал во доменот на вработувањата

За природата на социјалниот капитал најмногу спознаваме од студиите за неговата улогата при вработувањето. Овие студии се базираат на многубројните емпириски истражувања реализирани во доменот на функционирањето на пазарот на трудот. Пионерски труд е студијата на Марк Грановетер која се базира врз едно истражување реализирано во 1973 година во еден мал град во САД. Целна група биле лицата кои го смениле своето работно место меѓу два пописа. Тој се интересирал за начинот на кој тие нашле работа. Од добиените резултати забележал дека главно луѓето од примерокот се вработиле на три начина: преку личните контакти, преку конкурс и со директно обраќање. Според него најефикасен начин на вработување биле личните врски. Имено, 56% од анкетиранието се вработиле преку личните врски, а 19% се вработиле според другите два начина. Длабинското истражување на лицата кои при вработувањето користеле лични врски покажало дека кај 69% од лицата што ги користеле овие врски им помогнале професионалните контакти, а кај 31% помогнале фамилијарните врски. Со оглед на овие резултати Грановетер заклучил дека поголем успех при вработување се постигнува со активирање на професионалните врски, а помалку со користење на фамилијарните или пријателските врски. Кратките и поретките контакти се поефективни од интензивните и честите контакти. Користејќи ги сознанијата од социологијата за примарните групи следи објаснувањето дека интензивните контакти и многу чести контакти се остваруваат во примарните групи кои исто така се затворени групи и тука не продираат нови информации. Слабите врски се поефикасни поради фактот што тие имаат можност да се доближат до некои други мрежи во кои циркулираат други информации.

Кога при вработувањето како социјален капитал се користи семејството, тогаш полесно се доаѓа до информациите, но не и до вработувачите. Семејните врски водат кон првично (ургентно) решение, но не и кон оптималното. Многу е ретко преку овој начин да се добијат

добри работни места. Користењето на семејството како социјален капитал е ефективно при првото вработување на младите.

Мрежата на врски од која се состои социјалниот капитал може да биде фигуративно претставена како мост (пристап) на поединецот кон остварување на определена цел (вработување, добивање проект, добивање тендер). На пример, дипломата која поединецот ја поседува претставува сегмент на човечкиот капитал. Иако таа е неопходен услов за да се најде работа таа не доволна. Меѓу двајца кандидати кои поседуваат еднакви дипломи подобро вработување ќе најде оној кој поседува социјален капитал.

При вработувањето неопходно е да се воспостави врска меѓу двете страни: работодавачите кои имаат потреба од работна сила од една страна; и од друга страна лицата кои бараат работа. Улогата на социјалниот капитал при вработувањето се состои во можноста да се оствари контакт меѓу работодавачите и барателите на работа. Сепак, поголема можност да воспостават добра врска со работодавачите имаат поединците кои имаат подобар човечки капитал (дипломи, посебни вештини, искуство). Тоа зборува за фактот дека социјалниот капитал е тесно поврзан со другите видови на капитал. Работодавачите тежнеат да привлечат поголем број заинтересирани лица од кои ќе изберат определен број од кои ќе се врши натамошна селекција. Во натамошните фази работодавачите, врз основа на постоечките информации ќе ги изберат потенцијалните вработени. Некои аналитичари изборот на нови работници го споредуваат со изборот на автомобил. За да се избере автомобил кој ќе одговора на условите на купувачите тие ќе настојуваат да дојдат до повеќе информации за перформансите на автомобилите. Слично е и со вработувањата. За да извршат избор работодавачите имаат потреба од информации за кандидатите (директни-добиени од самите кандидати и индиректни-добиени од неформални канали). За добивање на дополнителни информации работодавачите ги користат социјалните мрежи. Употребата на социјалниот капитал е особено значајна при вработувањето на одговорни работни места. Податоците од истражувањата покажуваат дека во 66% од истражуваните случаи вработувањето преку неформални канали било поефективно од вработувањето преку формалните канали (Levesque, 2005:11).

**Литература**

Bagnaso, Arnaldo, 2006. *Capital sociale, collectifs, red.* Jean Luis Laville, Gallimard, Paris.

Beck, Ulrich, 2002. *New brave world of the work*, Oxford Press.

Gadray, Jean, 2000. *Nouvelle Economie Nouveau Mythe*, Champ Flammarion, Paris.

Gjurovska, M., 2004. *Culture and entrepreneurship in the Republic of Macedonia*, in Marian Nezgoda ed., *The Consequences of Great Transformation*, Jagiellonian University, Institute of Sociology.

Granovetter, M., 2005. *Le marché au autrement*, PUF, Paris.

Castels, M., 2000. *La société en reseaux,* Fayard, Paris.

Castels, Manuel, 1999. *Fin de millénaire, L'ère de l'information*, Fayard, Paris.

Castels, Manuel, 2001. *Le pouvoir de l'identité*, Fayard, Paris.

Levesque, Maurice, 2005. *Social Capital, Reducing Poverty and Public Action, Social Capital in Action,* Thematic Policy Study, Policy Research Initiative, Canada.

Haralambos, M., Holborn, M., 2002. *Golden marketing*, Zagreb.

Mandras, Henri, 1997. *L'Europe des Européens*, Gallimard, Paris.

Martin, Hans, Peter, 1997. *Le piège de la mondialisation*, Babel, Paris.

Putnam, P., 2005. *Bowling alone, Capital sociale, collectifs, red.* Jean Luis Laville, Gallimard, Paris.

Rifkin, G., 1996. *La fin du travail*, PUF, Paris.

Mileva GJUROVSKA

# LE RÔLE DU CAPITAL SOCIALE DANS LES SOCIETÉS GLOBALISÉES

**Résume**

Dans les dernières deux décennies le capital social est un thème qui a attiré l` attention de plus part des sociologues. Ce concept est appliqué pour donner un sens aux changements profonds émergé dans les sociétés contemporaines. Dans cet article vont être élaborés : la genèse de la notion de capital social, les conceptions fondatrices et les domaines ou le capital sociale montre sont aspect fonctionnel. Un accent particulier et mis sur l` influence du capital social dans le domaine de travail, c est à dire, dans le domine de l` emploi parce que ici il e visible la minière originelle dont le capital sociale fait son influence sur les rapports sociaux. Aussi, ce domaine est exemplaire parce que les analyses portent sur plusieurs recherches scientifiques y réalisées. Parmi les conception porteuse nous avons choisit le concept de Robert Putnam et son célèbre article *Bowling alone*, James Coleman qui était la premier qui a appliqué le terme « le capital social », Marc Granowetter qui a développe la théorie des « réseaux sociaux » et Pierre Bourdieu qui avait relié le capital sociale avec les forme sociales comme c´est le capital culturel.

**Mots-clés:** CAPITAL SOCIAL, LA MONDIALISATION, LE CHANGEMENT, LA SOUPLESSE, DE L'EMPLOI.